UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP
FACULTY OF LAW



# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

YEAR 2021, ISSUE NUMBER 11

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF LAW

ISSN 2545-4021

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

ISSUE 11

VOLUME XI

YEAR 2021

**STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL**
**FACULTY OF LAW**
**UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP**

**Year 2021, Issue Number 11**
**ISSN 2545-4021**

**Publisher:**
prof. Jovan Ananiev, Ph.D

**Editorial Board**
prof. Blažo Boev, Ph.D
prof. Liljana Gudeva – Koleva, Ph.D
Risto Kostruranov, LL.M
prof. Jovan Ananiev, Ph.D
prof.Ana Nikodinovska Krstevska, Ph.D

**International Editorial Board**
**Ivan Ilic**
Faculty of Law, University in Nis, Serbia
**Agim Nuhiu**
Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia
**Dunja Duić**
Faculty of Law in Osijek, Croatia
**Olga Koshevaliska**
Associate professor at the Faculty of Law
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Elena Maksimova**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Ana Nikodinovska Krstevska**
Associate professor at Faculty of Law,
Goce Delcev University in Shtip, Macedonia
**Olga Sidenko**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Dimitar Apasiev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Andon Majhoshev**
Associate professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Darya Scheglova,**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Boryana Aleksandrova**
Sofia University "St. Kliment Ohridski", Bulgaria;
Faculty of Law, Department for International Law and International Relations, Bulgaria
**Giorgia Bevilacqua**
National Research Council, Institute for Research on Innovation and Services for Development ", Italy
**Nives Mazur Kumrić**
Faculty of Law, University of Liège, Belgium
**Iskren Ivanov**
Senior Lecturer at Sofia University "St. Kliment Ohridski"

**Editorial Staff**
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D
Teaching assistant Natasha Doneva, LL.M

**Editor in chief**
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D

**Language editor**
Vesna Ristova
(Macedonian language)

**Technical editor**
Slave Dimitrov

**Address of the Editorial office**
University Goce Delcev – Stip
Faculty of Law
ul."Krste Misirkov" 10-A PO.BOX 201
PO. Box 201, 2000 Stip
Republic of Macedonia

# Содржина

Газепова Вероника
**ПРАВНАТА РЕГУЛАТИВА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЗА ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ** ........ 3

Данилова Валентина
**ОДГОВОРНОСТ НА АДВОКАТОТ ЗА СТОРЕНА ШТЕТА НА КЛИЕНТИ И ТРЕТИ ЛИЦА ПРИ ВРШЕЊЕТО НА ДЕЈНОСТА ВО МАКЕДОНСКОТО ПРАВО** ........ 11

IADEVAIA Simona
**LE NUOVE FRONTIERE DELLE POLITICHE MIGRATORIE. QUALE TUTELA PER I DIRITTI DEI MIGRANTI?** ........ 23

ЈОВАНОВ Кристијан
**ПРАВНАТА РАМКА НА ДОГОВОРНИОТ ЗАЛОГ ВО МАКЕДОНСКИОТ ПРАВЕН СИСТЕМ** ........ 31

МЕМЕДОВИЌ Неџад
САЛИФОСКА Фатима
**ВОЈНАТА ВО БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА НИЗ ПРИЗМАТА НА ХУМАНИТАРНИТЕ ИНТЕРВЕНЦИИ И ХУМАНИТАРНАТА ПОМОШ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ** ........ 43

ПАВЛОВА Ирена
**ЗАШТИТЕН СВЕДОК ВО КРИВИЧНА ПОСТАПКА** ........ 55

СУРЛОВА Розе
**ЕВТАНАЗИЈА – ДОСТОИНСТВЕНА СМРТ ИЛИ КРИВИЧНО ДЕЛО?** ........ 65

ХАЏИ-НИКОЛОВ Лазар
**АНАЛИЗА НА ПРВОСТЕПЕНАТА ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРАВЕН СТАТУС НА БЕСПРАНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА** ........ 75

ШКАРИЌ Катица
**ПРОЦЕСНАТА ПОЛОЖБА НА ОБВИНЕТИОТ ВО ТЕКОТ НА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА** ........ 89

**СТУДЕНТСКИ ПУБЛИКАЦИИ ВО РАМКИ НА ИНТЕРДИСЦИПЛИНАРЕН ПРОЕКТ** ........ 97

БАГАРОВА Ани
АТАНАСОВА Невенка
**ТРГОВИЈА СО ДРОГА** ........ 99

ЈОВАНОВСКА Кристина
**МАЛОЛЕТНИЧКА ДЕЛИКВЕНЦИЈА: ПРИЧИНИ ЗА НАСТАНУВАЊЕ, ФЕНОМЕНОЛОГИЈА И ПРЕВЕНЦИЈА** ........ 111

МАНЧЕВА Сања
**МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖРТВИ СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО** ........ 123

МИТРУШЕВА Наташа
**ЗАТВОРСКА ЗАЕДНИЦА ВО РСМ** ........ 129

МИХАИЛОВА Јована
ПАРИЗОВА Елена
**САНКЦИОНИРАЊЕ НА ДЕЦА – СТОРИТЕЛИ НА ПОВЕДЕНИЈА ШТО СО ЗАКОН СЕ ОПРЕДЕЛЕНИ КАКО КРИВИЧНИ ДЕЛА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА КАЗНАТА ЗАТВОР** ........ 135

НАКОВ Иван
**САНКЦИОНИРАЊЕ НА ДЕЦАТА КОИ СЕ ЈАВУВААТ КАКО СТОРИТЕЛИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА** ........ 145

НАЦАКОВА Мила
ДИМЕСКА Ангела
**УБИСТВОТО КАКО КРИВИЧНО ДЕЛО ПРОТИВ ЖИВОТОТ И ТЕЛОТО** ........ 155

НЕДЕВА Ивана
**КРИМИНОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ТРГОВИЈАТА СО ДРОГА КАКО ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ** ........ 175

ЧАЛШЕВА Кристина
АНГОВА Анастасија
**ВИДОВИ САНКЦИИ СПРЕМА ДЕЦА СОГЛАСНО ЗПД** ........ 195

ШАЛЕВА Корнелија
ТАШКОВА Марина
**ВИКТИМОЛОГИЈА** ........ 205

**КАТИЦА ШКАРИЌ** **УДК: 343.121/.123:343.2(497.7)**

# ПРОЦЕСНАТА ПОЛОЖБА НА ОБВИНЕТИОТ ВО ТЕКОТ НА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

**Апстракт**: Во содржината на овој труд ќе ја анализирам процесната положба на обвинетиот во кривичната постапка, со анализирање на текот на постапката од нејзиното започнување, па сè до нејзино завршување со конечна правосилна пресуда.

Во трудот ќе бидат разработени предистражна постапка, истражна постапка и главна расправа пред надлежен суд по стапување во сила на обвинението.

Имено, ќе бидат анализирани предмети кои се од мое лично адвокатско искуство и како јас од позиција на бранител во кривичната постапка ја гледам процесната положба на обвинетиот во кривичната постапка согласно законот, теоријата и праксата.

Ќе се изврши анализа на предмет во кој се опфатени постапката за притвор и признавање на вина, осудителна пресуда со ефективна казна затвор.

**Клучни зборови**: притвор, права на обвинет, пресуда

**KATICA SKARIK** **UDK: 343.121/.123:343.2(497.7)**

# THE PROCEDURAL POSITION OF THE DEFENDANT IN THE CRIMINAL PROCEEDINGS

**Abstract**: In the content of this paper I will try to point out the procedural position of the defendant in the criminal procedure, by analyzing the course of the procedure from its beginning to its completion with a final judgment.

The paper will elaborate a pre-investigation procedure, an investigation procedure and a main hearing before a competent court after the indictment enters into force.

Namely, cases will be analyzed that are from my personal legal experience and how I, from the position of a defense counsel in the criminal procedure, see the procedural position of the defendant in the criminal procedure in accordance with the law, theory and practice.

Two cases will be analyzed, one covering the procedure for detention and admission of guilt, the other is the defense of liberty and ends with a conviction with an effective prison sentence. These two cases are sufficient insight to see the procedural position of the defendant at all stages of the criminal proceedings.

**Key words**: criminal proceedings, defendant, detention, defendant rights, verdict

## ВОВЕД

Во текот на овој труд ќе се разработи процесната положба на обвинетиот во текот на кривичната постапка во Република Северна Македонија, со користење на методите потребни за ова истражување врз основа на конкретен случај од пракса.

Имено, во овој труд ќе се изврши елаборација на кривично дело од чл. 123 ст. 2 т. 3 од Казнениот законик на РСМ.

Во трудот ќе направам осврт на тоа каква е процесната положба на обвинетиот во кривичната постапка согласно новиот Закон за кривична постапка, дали новиот ЗКП е имплементиран во пракса, онака како што е наведен на хартија, дали обвинетиот во текот на самата постапка има права, кои се тие и дали се почитуваат од страна на судовите и јавните обвинителства итн., врз основа на анализа на случај од праксата.

На крајот од трудот ќе дадам мое лично мислење на темата и зошто е тоа така.

**Анализа на кривично дело од чл. 123 ст. 2 т. 3 од КЗ и процесната положба на осомничениот/обвинетиот во текот на кривична постапка**

Под поимот казнена/кривична постапка современото право подразбира систем, збир од процесни дејства кои ги преземаат одредени државни органи и лица во случај на основано сомнение, односно веројатност дека е извршено казниво дело, кои имаат цел да се утврди дали навистина е извршено кривично дело, па ако е извршено, кој е неговиот сторител и дали, во согласност со одредбите од материјалното кривично право, треба да се примени казна и ако треба истата да се одреди квалитативно и квантитативно.[1]

Во овој труд ќе биде анализирано кривичното дело од чл. 123 ст. 2 т. 3 од КЗ на РСМ, кое гласи - Убиство Член 123 став 3 друг ќе лиши од живот и притоа со умисла ќе го доведе во опасност животот на уште некое лице.

Имено, во конкретниот случај станува збор за обид на погоре цитираното кривично дело, од чл. 19 од КЗ на РСМ. Член 19 од КЗ на РСМ гласи: Обид Член 19 (1) Тој што со умисла ќе започне извршување на кривично дело, но нема да го доврши, ќе се казни за обид на кривично дело за кое според закон може да се изрече затвор од пет години или потешка казна, а за обид на друго кривично дело само кога законот изречно пропишува казнување и за обид. (2) Сторителот ќе се казни за обид во границите на казната пропишана за кривичното дело, а може да се казни и поблаго.[2]

Согласно наведеното во обвинителниот акт на надлеженото основно јавно обвинителство во Кочани е наведено дека на ден 18.01.2019 година околу 17,15 часот во ресторан во Кочани обвинетиот се обидел да го лиши од живот оштетениот и притоа со умисла го довел во опасност животот на други лица, на начин што додека осомничениот заедно со оштетениот и одредени лица седел на една од масите во ресторанот во кој седеле гости и на други маси, по сериозна расправија со оштетениот, свесен за своето дело и сакајќи го неговото извршување од појасот извадил полуавтоматски пиштол Црвена застава 99 со калибар 9 мм, кон оштетениот упатил закана дека ќе пука, го репетирал пиштолот и испукал еден проектил од муниција со калибар 9 мм пара во оштетениот и притоа му нанел прострелна рана во регија на десен лакт со скршување на окрајокот на улна (подлактична) коска со повеќе фрагменит но и со недостаток на дел од коска и животно загрозувачка прострелна рана во лумбална – слабинска регија од десна страна, а со оглед на начинот на испукување, местоположбата на оштетениот и обвиниетиот, главните карактеристики на огненото оружје од кое е испален проектилот, насоката на движење на проектилот, потоа неговата маса, почетна брзина од 360 м/с, почетна енергиа од 516 Ј и максималниот домет од 2.200,оо метри, овој проектил и по нанесувањето на прострелните рани на оштетениот поседувал доволно енергија и го довел во опасност животот на вработените и гостите присутни во ресторанот во моменото на испукувањето.

[1] Нанев, Л. Штип (2013), Практикум по предметот казнено процесно право, Универзитет „Гоце Делчев" Штип, стр. 5.

[2] КРИВИЧЕН ЗАКОНИК (jorm.gov.mk)

Погоре образлоежниот обвинителен акт е заради запознавање со времето, начинот и местото на сторување на кривичното дело, но целта во овој труд ми е да анализирам постапката и правата на осомничениот/обвинетиот од моментот на првото Решение донесено за притвор, па сѐ до правосилната пресуда во истоимениот предмет заведен пред Основен суд Кочани под број К. бр. 176/19.

Имено, осомничениот сам се пријавил во просториите на основното јавно обвинителство откако бил во бегство одреден период, дал своја изјава, доставил соодветна медицинска документација, како и проценка на недвижен имот и ПМВ и предлог за издавање на мерка куќен притвор наместо притвор, а поради влошена здравствена состојба, бидејќи непосредно пред пријавувањето имал операција на коленото и се движел со помошни средства-штаки. Предлогот е одбиен, донесено е Решение за притвор во КПУ Затвор Скопје од страна на судија на претходна постапка во траење од 30 дена, на што осомничениот/односно обвинетиот во тој дел од постапката има право на жалба до кривичниот совет на надлежниот суд.

Осомничениот веднаш по донесувањето на Решението за притвор е спроведен во КПУ Затвор Скопје во Скопје на издржување на притвор во траење од 30 дена бидејќи се сомничи за кривично дело кое претставува тешко односно квалификаторно дело од КЗ на РСМ.

Откако осомничениот а подоцна и обвинет е спроведен во КПУ Затвор Скопје во Скопје на издржување на 30 дневен притвор, од страна на бранителите е поднесена жалба на истото Решение до Кривичниот совет од чл.25 од ЗКП на РСМ, која жалба е одбиена поради постоење на условите за изрекување на мерката притвор наведени во чл. 164 и 165 од ЗКП на РСМ. Во жалбена постапка од моја страна е наведено следното: Со оглед на фактот дека осомничениот заедно со предлогот доставил и соодветна медицинска документација за неговата здравствена состојба, судот воопшто не се впуштил во оценување на овие докази, имено во Решението е наведено дека од доставената медицинска документација ниту судот, ниту ОЈО Кочани објективно не можат да утврдат со сигурност каква е здравствената состојба на осомничениот и до кој степен истата е влошена. Ова е сосема неосновано, од причина што судот можел да ангажира вешто лице од областа на медицината и истото да ја утврди здравствената состојба на осомничениот, како и осомничениот да биде директно прегледан од страна на вешто лице именувано од страна на судот, а сето ова со оглед на фактот дека судот по Предлогот одлучил дури на 25.04.2019 година и имал доволно време да се утврди здравствената состојба на осомничениот, која и до ден денеска е влошена.

Со Поднесок од 17.04.2019 година до Основен суд Кочани е доставен Вешт наод и мислење од Вешто лице д-р Антонио Гавриловски во кој наод и мислење со оглед на доставената медицинска документација осомничениот има потреба од посебен режим на однесување и рехабилитација постоперативно, а со цел да се постигнат и оптимални услови за заздравување на колениот зглоб и зачувување на природниот зглоб без да се вградуваат вештачки материјали за негова реконструкција. Исто така, во предвид треба да се има и фактот дека текот и успешноста на лекувањето директно зависи од целосното исполнување на постоперативната рехабилитација, а доколку не се почитуваат посебниот режим и рехабилитација постоперативно, може да дојде до неуспех на самото лекување и следи повторно интензивирање на болките како и појава на нови болки, повторно ограничување во движењето на коленото, како и потреба од нова оперативна интервенција која ќе побарува поголема реконструкција со вештачки материјали. Имено, неоспорен е фактот дека судот воопшто не го зел во предвид Вештиот наод и мислење на д-р Антонио Гавриловски за сериозноста на оперативниот зафат на кој бил подложен осомничениот.

Со оглед на фактот дека осомничениот се движи со помагала и е ограничен во движењето, на ден 16.04.2019 година при обавување на хигиенски потреби поради несоодветните услови во затворската установа паднал и веднаш бил упатен во ГРАДСКА БОЛНИЦА 8 СЕПТЕМВРИ заради преглед за здобиените повреди, а подоцна во текот на истиот дена и во ДРЖАВНА БОЛНИЦА СКОПЈЕ, кое нешто укажува на фактот дека осомничениот не може да ги обавува основните секојдневни потреби во такви услови кои не се погодни за неговата здравствена состојба, а и тоа дека во такви услови истиот не може да биде подложен на соодветна терапија која е потребна за целосно и успешно заздравување.

Исто така, со Поднесок од 17.04.2019 година е барано од страна на судот да бара од КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ каде осомничениот е на издржување на мерката притвор, надлежната установа да го достави медицинското досие на осомничениот од прегледите вршени од страна на затворскиот лекар, извештаите и останата медицинска документација од 16.04.2019 година, но истото не е сторено, со што повоторно не е ценета здравствената сосотојба на  осомничениот при донесувањето на Решението.

Бидејќи комуникацијата со КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ каде осомничениот е на издржување на мерка притвор е исклучиво преку судијата на претходна постапка, не сме во можност самите да ја обезбедиме соодветната медицинска документација од денот кога осомничениот се јавил да ја издржува мерката притвор од 08.04.2019 година па се до ден денеска, со што не можеме да изготвиме медицинско вештачење за неговата општа здравствена состојба и сме лишени од правата да доставиме дополнителни докази кои одат во прилог на осомничениот.

Судот воопшто не го земал во предвид и тоа што од страна на осомничениот на негов трошок бил однесен на лекарски преглед во АЏИБАДЕМ СИСИТИНА и не ги побарал медицинските списи од КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ од тој преглед кој бил на ден 23.04.2019 година за да изврши увид во истите за да може да се утврди во каква состојба бил осомничениот кога бил на закажаниот термин, со што повторно не е ценета здравствената состојба на осомничениот, при донесување на обжаленото Решение. Од наша страна со Поднесок од 30.04.2019 година е доставена дополнителната медицинска документација до Основен суд од лекарскиот преглед во АЏИБАДЕМ СИСТИНА, од кое може да се види дека на осомничениот од коленото му се извадени четири шприца течност и ставена му е инјекција против болките кои осомничениот ги чувствува константно, но истото воопшто не е земено во предвид, бидејќи обжаленото Решение е донесено на ден 25.04.2019 година.

Исто така, воопшто не е земен во предвид Поднесокот од 19.04.2019 година при одлучувањето по самиот Предлог за укинување на мерката притвор и замена на истата со гаранција и куќен притвор, во кое детално е образложено зошто мерката притвор е неосновна во целост, туку од самото Решение може да се види дека подарена е верба на произнесувањето доставено од ОЈО Кочани, и воопшто не е дадено никакво детално образложение на основите на кои е донесено истото. Односно, не е образложено зошто и како осомничениот би можел да се даде во бегство, и само паушално е наведено за висината на казната за кривичното дело кое му се става на товар, а при тоа воопшто не е земена во предвид изјавата на осомничениот дадена на ден 08.04.2019 година во која изјавува дека неговата сопруга сама се грижи за двете малолетни деца кои ги добиле со неговата сопруга после долги години, а истата е и вработена и нема никаква помош при воспитувањето, чувањето на децата и обавувањето на секојдневните семејни потреби, дека самиот по своја волја пристапил во просториге на судот за да се расветли кривичното дело кое му се става на товар, како и тоа дека осомничениот предложил да биде подложен и на лекарски прегледи, доколку е потребно за да може да се донесе објективна оценка на неговата здравствена состојба, дека е согласен да ја предаде

патната исправа и личната карта, како и дека, доколку е потребно, да се изрече било која друга мерка на претпазливост.

Од самото Решение е видливо дека судот поклонил верба исклучиво на произнесувањето на ОЈО Кочани, а воопшто не е земен ниту еден факт кој оди во корист на осомничениот со што е сторена повреда на начелото на еднаквост на оружјата во постапката, како и воопшто не е земена во предвид одредбата од чл. 144 ст. 2 од ЗКП од која произлегува дека при одлучувањето надлежниот орган ќе се придржува кон условите определени за примена на одделни мерки, водејќи сметка да не се применува потешка мерка ако истата цел може да се постигне и со поблага мерка.[3]

Воедно, во Уставот на РСМ се вградени меѓународните стандарди за човековите права и како една од темелните вредности наведени во Уставот на РМ се основните права и слободи на човекот и граѓанинот, а во истите спаѓа и правото на слобода и безбедност и неговото ограничување кое има вредност исто како и правото на живот и правото на неприкосновеност на личноста, а со изрекувањето на мерката притвор во конкретниот случај кога постојат сите услови за изрекување поблага мерка се прави најсериозен зафат во уставно гарантираната лична слобода на осомничениот.[4]

Во обжаленото Решение судот апсолутно не понудил никакви аргументирани причини за тврдењата наведени во истото врз основа на кои се одбива Предлогот како неоснован, туку само паушално е цитирана законската одредба и со никакви докази не е поддржан кредибилитетот на тврдењата на судот.

Со тоа што судот не ценел ниту еден доказ од страна на одбраната, истиот сторил повреда и на начелото на контрадикторност на постапката.

Согласно ЗКП судовите се должни детално да ја образложат секоја од причините за основите на притвор во своите Решенија, како и да обезбедат факти за образложените причини и истовремено и двете страни да ги образложат своите аргументи, што во обжаленото Решение ништо од наведеното не е содржано, а воедно аргументите на одбраната воопшто не се земени во предвид.

Со оглед на погоре наведеното и согласно Законот, Уставот и ратификуваните меѓународни документи на судот му стојат на располагање многу други инструменти кои се во склад со конкретниот случај и истите исто така ќе ја исполнат целта поради кои е изречена мерката притвор. Во конкретниот случај не постојат кумулативните услови за изрекување на мерката притвор, ако се земе сето погоренаведено во предвид.

Поради сето погоре изнесено, сметам и стојам на стојалиштето дека судовите при изрекувањето на мерката притвор се водат од паушални наводи, без аргументирани докази и решенијата се без никакви образложение, односно истите само ги цитираат законските одредби, а без никакви факти и докази за постоење на условите. Имено, во конкретниот случај е доведено во прашање здравјето на осомничениот, а потоа и обвинетиот кога не му е изречена поблага мерка, односно куќен притвор, со што во понатамошниот тек на постапката истиот се здоби и со компликации на другото колено, а воедно и телесната тежина му беше видно намалена.

Од посети кои ги вршев до КПУ Затвор Скопје во Скопје и во разговори со осомничениот а подоцна и обвинет во кривичната постапка, директно ми е посочувано дека условите се нехумани од сите можни аспекти, па во врска со тоа од моја страна е доставено барање до Хелсиншки комитет, како и до Народниот правобранител на РСМ да извршат мониторниг во какви услови се наоѓа осомничениот при издржувањето на мерката притвор и какви се условите во КПУ Затвор Скопје во Скопје, но и покрај сите напори, судовите кои постапуваат во вакви предмети сепак ги игнорираат ваквите

[3] https://jorm.gov.mk

[4] https://www.sobranie.mk

наводи и воопшто не ги зимаат во предвид при одлучувањето за мерките кои ги изрекуваат. Со што им се повредуваат правата на осомничените/обвинетите како за здравствена заштита, правото на изрекување на поблага мерка, доколку постојат услови за истото итн.

Имено, од моето досегашно искуство судовите како во одредени предмети каде и постојат услови за изрекување на поблага мерка, им поклонуваат верба на наводите на основните обвинители, а и покрај фактот што одредени предлози на јавните обивнителства се без докази и факти, туку само празни предлози и по претпоставки и лични мислења на обвинителите. Апсурдно е да се постапува паушално во вакви предмети, каде во прашање е ограничување на движење на одредени лица или нивно лишување од слобода, но праксата го покажува токму образложеното.

Исто така, сметам дека начелото на презумпција на невиност воопшто не се зема во предвид при изрекување на мерката притвор, со што е повредено начелото на презумпција на невиност, како и начелото на еднаквост на оружјата[5] бидејќи и покрај тоа што одбраната доставува докази кои укажуваат на фактот дека изрекувањето на мерката притвор е неоснована, сепак истата се изрекува.

Откако е завршена истражната постапка и обвинителот доставува Известување за завршена истражна постапка до осомничениот и до неговиот бранител има рок од 15 дена во кој рок треба да се достават докази или да се предложат докази кои одат во корист на одбраната. Иако во конкретниот случај е доставен доказ од кој е видливо дека не станува збор за тешка телесна повреда која е животно загрозувачка и предложени се одредени сведоци од страна на одбраната за да бидат распрашани од страна на ОЈО Кочани, добивме образложение дека обвинителството смета дека постојат доволно докази и дека истите се нерелевантни за понатамошниот тек на постапката, а без друго објаснување.

Оттука, како обвинителството знае дека се нерелеватни сведоците кои се предложени од страна на одбраната, кога конкретно во поднесокот е наведено на кои околности се предложени и дека истите се од големо значење за одбраната. Сметам со тоа што на обвинителството му се дадени широки овластувања истото доведува до повреда на правата на осоминичениот/обвиниетиот во кривичната постапка со што нецелосно се утврдува фактичката состојба за одредени делови од кривичното правниот настан кои доведуваат според мене до погрешно класифицирање на кривичното дело кое се става на товар.

Во конкретниот случај доколку беа земени сите предлози од страна на одбраната и доколку од страна на обвинителството беа земени во предвид вештите наоди и мислење изработени како по барање на обвинителството и по барање на одбраната, квалификацијата на  кривичното дело ќе беше Убиство на миг од КЗ на РСМ, со што сметам дека тука е сторен пропуст во квалификација на кривичното дело обид за убиство, на штета на обвинетиот.

Обвинетиот останува во притвор сè до 31.07.2019 година кога и е закажана расправа. Пред почетокот на самата расправа е предложено, доколку се признае кривичното дело кое се става на товар ќе се анулираат условите за изрекување на мерка притвор и дека со посебно Решение ќе се донесе мерка куќен притвор, односно ќе дојде до преиначување. Ваквите предлози се штетни за обвинетиот бидејќи некој кој е со нарушено физичко здравје, со поминати повеќе од пет месеци во притвор во установа која нема основни хигенски услови за живот, како и основни услови за здравствена заштита, лесно може да биде доведен во заблуда и да признае кривично дело кое и не го сторил со цел да добие мерка куќен притвор. Имено, во конкретниот случај, обвинетиот

---

[5] Адвокатска комора на РСМ, Прирачник за кривичната постапка-за адвокати, Скопје, стр. 8.

откако сам одлучи дека најдобра опција според него е да го признe кривичното дело кое му се става на товар, истото и го призна, но тука напоменувам дека институтот на признавање на вина е комплексен и сложен и онака како што се практикува во нашето правосудство е апсурдно, со паушално поставување на прашања, формални одговори и без притоа да се испита со лекар од психијатарската струка дали обвинетиот е способен да ја признае вината, дали го разбира делото кое му се става на товар и кои се штетните последици од признавање на вина. Имено, и покрај укажувањето на бранителот кои негативни последици настануваат поради признавање на вина, сепак обвинитете може да бидат доведени во заблуда, а уште повеќе ако им се нудат некои поволности, како на пример во конкретниот случај замена на мерката притвор со мерка куќен притвор.

Во конкретниот случај, обвинетиот ја призна вината и со првостепена одлука беше осуден на пет години казна затвор со примена на одредбите за ублажување на казната во границите на законот. Откако од страна на јавниот обвинител беше поднесена жалба во однос на висината на кривичната санкција, беше закажана јавна седница во Апелационен суд Штип, а од истиот апелационен суд казната беше преиначена од пет на седум години, а поради причини кои укажувале на тоа дека истата е прениско поставена, ако се земе во предвид заштитното добро, претходната осудуваност на обвинетиот, начинот на кое е сторено кривичното дело итн.

Во овој конкретен предмет се направени пропусти во истражната постапка кои доведоа до квалификација на кривичното дело кое сметам дека не е реална и точна, потоа со континуираното продолжување на мерката притвор и предлог, доколку се признае вина ќе се преиначи мерката притвор во куќен притвор и начинот на кој е воден обвинетиот низ институтот признавање на вина од страна на судот доведоа до осудителна пресуда со казна од седум години, која сметам дека е превисока и не соодветствува со доказите во предметот, како и тоа дека се повредени правата на обвинетиот за еднаквост на оружјата, правичност на постапката, утврдување на материјалната вистина, начелото на презумпција на невиност итн.

Под начела на кривичното процесно право ги подразбираме општите правила до кои се доаѓа со синтеза на процесните прописи кои можат да потекнуваат од внатрешното или од меѓународното право.[6]

## ЗАКЛУЧОК

Од погоре истакнатото согласно моето искуство, анализа и истражување да се каже дека правата како на осомничените лица, така и на обвинетите лица се доведени во прашање во сите фази од кривичната постапка.

Како пишани одредби правата на обвинетиот постојат, но теоријата и праксата не соодветствуваат, со што сметам дека голем број од постапките кои се водат не го почитуваат пишаното слово на законот, туку истите се водат на штета на обвинетите, со што одредени сторители се казнуваат построго отколку што навистина треба да бидат казнети, се изрекуваат мерки на обезбедување кои навистина не соодветствуваат како со кривичното дело кое се става на товар, така и во однос на психичкото и физичкото здравје на осомничените, обвинетите.

Имено, во водењето на кривичната постапка потребно е сите институции да ги имаат пред сѐ на ум правата на обвинетиот, односно осомничениот за да може правилно да се квлаификува кривичното дело кое му се става на товар на осомничениот, односно обвинетиот, да му се изрекуваат мерки на обезбедување кои соодветствуваат со

[6] Бужаровска Г., Калајџиев, Г., Матовски, Н.: Казнено процесно право, 2010, Скопје.

конкретната постапка, да има поголема кооперативност меѓу обвинителството и одбраната и да се водат постапките согласно закон, а не да се носат само формални решенија и пресуди кои ја убрзуваат постапката за да се дојде само до некоја правосилна пресуда и предметот да биде класифициран како завршен.

Имено, од претходно изнесеното најчесто се повредни правата на обвинетиот во делот на одбраната, во однос на начелото на презумпција на невиност, начелото на еднаквост на оружјата, начелото на еднаквост, начелото на правичност.

Кривичната постапка има една цел, а тоа е на виновниот сторител на кривичното дело врз основа на праведно спроведена кривична постапка да му се изрече санкција, што во претходно анализираниот случај целта е промашена, а од причина што постапките се води според мене на еден неправеден начин, без да се запазат правата на обвинетиот во целокупниот тек на постапката.

Истакнувам дека, судството во РСМ е далеку од почитување на правата на обвинетиот во водењето на кривичната постапка, а процесната положба на обвинетиот во истата е често доведена во прашање од страна на надлежните институции. За жал и многу често постојат пресуди кои се донесени врз основа на признание на вина, а без претходно да биде обвинетиот детално испрашан од страна на судот во врска со фактите и доказите врз кои го темели признанието, доколку истото не се спроведува во пракса соочени сме да постојат случаи каде што тие коишто навистина се винови за одредено кривично дело се на слобода, а тие коишто не го сториле кривичното дело се на издржување на казната затвор во затворските установи.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Адвокатска комора на РСМ, Прирачник за кривичната постапка-за адвокати, Скопје, стр. 8.

Бужаровска Г., Калајџиев, Г., Матовски, Н.: Казнено процесно право, 2010, Скопје.

Нанев, Л. Штип (2013), Практикум по предметот казнено процесно право, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип.

https://jorm.gov.mk

https://www.sobranie.mk